Бр./Nr 12-1520/2

13-09-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член. 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 92-рата седница одржана на 11.09.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-1520/1 од 09.03.2023 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Наводите во пријавата упатуваат на незадоволство од водење судска постапка од судии од Основен суд Охрид и Апелационен суд Битола и не претставуваат основ за надлежно постапување на ДКСК.

Предметот со број 12-1520/1 од 09.03.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-1520/1 од 09.03.2023 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ------------- од с. ------- - Охрид. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на не воедначено постапување на судии од Апелационен суд Битола по однос на пресуди донесени од Основен суд Битола по ист предмет, за кој е поднесено и барање за ревизија. Пријавата истовремено е доставена и до Судски Совет на РСМ и Врховен суд на РСМ.

По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК оцени нема елементи за надлежно постапување, но и поради фактот што пријавата е доставена до други соодветни надлежни органи, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: А.Р.М., советник.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk